РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-4462/1
12.11.2024 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), член 85 став (1) од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18, 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19, 103/21 и 274/22),Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2024год.под арх.бр.25-4068/16 од 18.10.2024год донесена на седница на Совет на општина Велес и чл.50 став1 точка 16 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на Р.М 05/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија 202/24) Градоначалникот на Општина Велес на ден 12.11.2024год објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЛИЦА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ КОИ СЕ ПРИМАТЕЛИ НА ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ И НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА СО ЖИВЕАЛИШТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Општина Велес објавува Јавен Повик за ангажирање на лица за извршување на јавни работи кои се приматели на гарантирана минимална помош и невработени лица со живеалиште на територијата на Општина Велес, а врз основа на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита на животната средина во 2024год.под арх.бр.25-4068/16 од 18.10.2024год Согласно планот за јавни работи за 2024 година изготвен од страна на надлежните служби, Општина Велес има потреба од 10 лица за извршување на јавни работи во времетраење од 1 месец.

Ангажираните лица ќе спроведуваат јавни работи од типот на чистење на улици, локални патишта, патеки, скали, чистење на водотранспортни објекти, чистење на снег од јавни површини, отстранување на наноси и одрони, фарбање на комунална опрема, чистење на јавни објекти, поставување на опрема, собирање на отпад, чистење на депонии, подигање и одржување на зелени површини и други слични работи по потреба.

Општина Велес преку овие активности им помага на луѓето кои тешко се вклучуваат на пазарот на трудот, а овие активности се од интерес на целата локална заедница.

Право на учество на јавниот повик имаат лицата кои ги исполнуваат следните услови:

-корисници на гарантирана минимална помош
-невработени лица
-жители на територијата на Општина Велес

Временскиот период за ангажман на ангажираните лица ќе биде со времетраење од 1 месец, сметано од денот на потпишување на договорот, а месечниот надоместок ќе изнесува 15.000,оо денари за секое ангажирано лице.

Потребните документи:

-Барање (од архива на општина Велес)
-Фотокопија од лична карта
-Потврда (дека лицето е корисник на социјална помош или невработено лице),
-фотокопија од трансакциона сметка

Погоре наведените документи кандидатите треба да ги доставaт во Архива на Општина Велес, секој работен ден од 13.11.2024год до 18.11.2024год. во период од 07:30 часот до 15:30 часот.

Изборот на пријавените кандидати ќе го спроведува соодветна Комисија формирана со Решение од страна на Градоначалникот на Општина Велес.

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**Градоначалник**
**Марко Колев**

**Изготвил:Раководител на Сектор**
**Петре Цилаков**